Во насока на имплементација на активностите предвидени со Програмата за активностите во областа на социјалната, детска и здравствена заштита во град Скопје за 2026 година (“Службен гласник на Град Скопје“ бр. 14/25), Град Скопје објавува

# ЈАВЕН ПОВИК
## за поддршка на проекти и програмски активности на организации кои работат во областа на социјалната, детска и здравствена заштита

## 1.Предмет на јавниот повик

1.1.Предмет на Јавниот повик е прибирање понуди за финансиска поддршка на проекти и програмски активности на здруженија на граѓани, организации, фондации и други субјекти што работат во областа  на социјалната, детска и здравствена заштита (во натамошниот текст: организации).

1.2.Проектите и програмските активности ќе бидат поддржани со средства од Буџетот на Град Скопје за 2026 година, и согласно Програмата за активностите во областа на социјалната, детска и здравствена заштита во град Скопје за 2026 година како и критериумите и приоритетите  дадени во овој Јавен повик.

1.3 Начинот на користењето на средствата за 2026 година ќе биде уредено со договор помеѓу организацијата и Град Скопје.

## 2. Проекти кои ќе бидат поддржани:

Во рамките на овој Јавен повик, проектите кои ќе бидат финансиски поддржани од страна на Град Скопје, треба да се однесуваат на:

2.1 Поддршка на Програми и Проекти, сервиси и услуги на дневни центри за деца на улица, деца без родители и родителска грижа, деца кои се нашле во социјален ризик, еднородителски семејства, спречување на семејно насилство, лица кои употребуваат droги, лица со попреченост, лица со попреченост над 18 години, лица со аутистичен спектар на однесување, лица со ретки болести, бездомни лица, стари лица и други;

2.2 Унапредување на здравствена заштита и поддршка на здравствени сервиси и услуги;

2.3 Поддршка на активности на дневни центри и советувалишта за жртви од семејно насилство;

2.4 Еднакви можности, недискриминација, поттикнување и развој на лични и општетсвени вредности;

2.5 Општествено вклучување и социјални услуги за ранливите категории на граѓани;

2.6 Поддршка на организации кои работат во областа на социјалното претприемништво со цел вработување на социјално исклучени или ранливи општетвени групи

**3. Основни критериуми**

Основни критериуми кои треба да ги исполнуваат организациите кои учествуваат на овој Јавен повик се:

3.1 Да се регистрирани според Централниот регистар на РСМ;
3.2 Да се занимаваат со активности и проекти од јавен интерес минимум две години;

**4. Задолжителна документација за аплицирање**

4.1 Пријава за финансиска поддршка на организацијата, потпишана и заверена со печат од овластено лице (достапна на веб страница на Град Скопје www.skopje.gov.mk);
4.2 Пополнет Образец за предлог проект (достапен на веб страница на Град Скопје www.skopje.gov.mk);
4.3 Статут на организацијата;
4.4 Решение за регистрација на организацијата издадено од Централен регистар на РСМ;
4.5 Фотокопија од завршната сметка за изминатата фискална година;
4.6 Уверение за платени даноци издадено од даночните органи.

**НАПОМЕНА: Пријавите кои не ја исполнуваат комплетноста на задолжителната документација не се разгледуваат понатаму.**

**5. Придружна документација:**

Организациите во прилог можат да ја доставаат и следнава придружна документација:

5.1 Професионална биографија на стручните лица кои ќе бидат ангажирани во реализација на проектот;
5.2 Референтна листа или доказ (пример: потпишан договор) за најмалку 2 проекти реализирани во областа за која што се аплицира;
5.3 Најмалку 2 мислења (референци) од партнери или донатори за реализација на претходни проекти;
5.4 Писмена поддршка од други организации и/или институции за кои е планирано да земат учество во реализицијата на проектот.

**6. Начин на спроведување на јавниот повик:**

6.1 За утврдување на исполнување на критериумите од Правилникот за финансиска поддршка на проекти и програмски активности на организации кои работат во областа на социјалната, детска и здравствена заштита и од овој Јавен повик, Градоначалникот на Град Скопје, формира Комисија за спроведување постапка за доделување средства за поддршка на проекти и програмски активности на организации кои работат во областа на социјалната, детска и здравствена заштита.

6.2 Пријавата со потребната документација се доставува во еден оргинален примерок, пополнета електронски и потпишана и заверена од одговорно лице на организацијата.

6.3 За пријавите кои се комплетни, навремени и ги исполнуваат критериумите согласно Правилникот и овој Јавен повик, Комисијата доставува предлог до Градоначалникот на Град Скопје за доделување на финансиски средства на апликантите.

6.4 На предлог на Комисијата, Градоначалникот донесува решение за доделување на финансиски средства.

6.5 Ненавремено доставените пријави, пријавите доставени на email и рачно пополнетите пријави, Комисијата нема да ги разгледува.

6.6 Комисијата ќе ги извести апликантите чии пријави се прифатени и апликантите чии пријави се отфрлени како некомплетни, ненавремени и кои не ги исполнуваат критериумите од Правилникот и Јавниот повик.

**7. Рок и начин на доставување на пријавите**

7.1 Крајниот рок за поднесување на пријавите е 12.02.2026 година, до 15:00 часот.

7.2 Пријавите со целокупната документација се доставуваат во архивата на Град Скопје, барака 16 (со назнака – Сектор за јавни дејности, Одделение за социјална, детска и здравствена заштита – Пријава за јавен повик) или по пошта на адреса: Град Скопје, Сектор за јавни дејности, Одделение за социјална, детска и здравствена заштита, бул. "Илинден" бр. 82, 1000 Скопје. **Пријавите доставени по e-mail нема да бидат разгледувани.**

7.3. Пријавата за финансиска поддршка на организациите, како и Образецот за предлог - проект се достапни на веб страницата на Град Скопје www.skopje.gov.mk.

7.4 Апликантите на Јавниот повик ќе бидат известени за резултатите во рок од 15 дена од денот на донесување на решението за распределба на средства од Буџетот на Град Скопје за 2026 година.

**Напомена: Пријавите без комплетна приложена документација или доставени по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат! Доставените прилози не се враќаат.**

*За дополнителни информации:*
Прашања за појаснување може да се поставуваат писмено или по електронски пат до Одделението за социјална, детска и здравствена заштита.
Контакт: Одделение за социјална, детска и здравствена заштита, тел: 02/3297–278 или 02/ 3297-321; Е-маил адреса: socijala@skopje.gov.mk.